РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
Бр. Су-03др. 1/22
14-01 2022 год.
КОЧАНИ



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работа на Основен суд Кочани за 2021 година

### ВОВЕД

Основниот суд во Кочани, согласно член 28 и член 31 од Законот за судовите („Сл.весник на РМ„ бр.58/06 од 11.5.2006 год.), спаѓа во групата на судови со проширена надлежност, и со својата надлежност покрај надлежноста што ја покрива како Основен суд-Кочани покрива и дел од надлежноста од територијата на Основните судови Берово, Делчево и Виница, определена според цитираните членови.

### 1. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ

Целокупното работење на Основниот суд во Кочани во 2021 година е прикажано во сумарниот преглед од Годишниот табеларен извештај.

**Сумарен преглед на предмети во работа на ниво на суд**

| остаток на нерешени предмети од претходната годината | прилив на нови предмети | предмети повторно во работа | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 487 | 11 826 | 112 | 3 | 14 422 | 12 399 | 2 023 |

Од сумарниот преглед произлегува дека во почетокот на 2021 год. во Основниот суд во Кочани биле нерешени, односно имало заостаток на нерешени предмети од претходната година, вкупно 2 487 предмети, новопримени се 11 826 предмети, повторно заведени предмети се 112, погрешно заведени биле 3 предмети, со што во текот на годината вкупно во работа биле 14 422 предмети, од кои решени се 12 399 предмети, од што произлегува дека во 2021 година целосно е совладан приливот, а заостатокот е намален за 464 предмети.

Општиот коментар на сумарниот преглед на движење на предметите би бил дека Основиот суд Кочани во 2021 год. на ниво на суд успеал да го совлада приливот на предметите и успеал да го намали заостатокот за 464 предмети, со што Основен суд Кочани во 2021 година бил апсолутно ажурен.

Приливот е совладан и заостатокот е намален во сите области, освен во предметите за кривично полнолетни лица, каде што приливот е целосно совладан меѓутоа заостатокот не е намален, односно бројот на

нерешени предмети од почетокот на 2021 година од 233 предмети останал во истиот број како остаток на крајот на 2021 година од 233 предмети, како и во предметите за извршување на прекршочни глоби, каде заостатокот се зголемил за 88 предмети, во предметите за извршување на кривични и прекршочни санкции, каде заостатокот се зголемил за 3 предмети, предметите за извршување на кривични парични казни и трошоци, каде заостатокот се зголемил за 29 предмети, и кај извршувањето на малолетнички затвор заостатокот се зголемил за 1 предмет.

Основна причина што во 2021 год. приливот во кривичната област за кривично полнолетни лица и извршување на санкции е совладан но заостатокот не е намален е фактот што оваа година од Основен суд Кочани еден судија кој работел во кривична област беше делегиран во Основен суд Виница, па така наместо тројцата судии кои постапуваа во кривичната област - кривично полнолетни лица во претходните години, во 2021 година во оваа област постапуваа само двајца судии, од кои еден судија постапуваше во кривично полнолетни предмети и истовремено како судија за извршување на кривични санкции.

Поединечниот преглед по области и предмети, а врз основа на сумарниот преглед на движење на предметите е следниот:

***А. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ***

***ВИД НА ПРЕДМЕТ: КРИВИЧНО ПОЛНОЛЕТНИ***

- Во 2021 год. вкупно имало 233 нерешени предмети од претходната година, 345 новопримени, и 0 повторно заведени **кривично полнолетни предмети**, или вкупно во работа имало 578 предмети од кои биле решени 345 предмети, или просечно месечно се решавани по 32.8 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2021 год. останале нерешени 233 предмети, а на почетокот на годината заостаток бил исто така 233 нерешени предмети, произлегува дека во оваа област приливот е совладан и во оваа област судот бил ажурен.
- Во 2021 год. вкупно биле примени 2 658 **разни кривични предмети**, решени биле 2 658 предмети, или просечно месечно се решавани по 253,14 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2021 год. нема нерешени предмети може да се заклучи дека судот во оваа област е максимално ажурен.

- Во 2021 год. имало заостаток од 1 нерешен предмет од претходната година, новопримени 155 предмети, или вкупно во работа имало 156 предмети **во претходна постапка,** од кои биле решени сите 156 предмети и нема заостаток, при што просечно месечно биле решавани 14,8 предмети, со што може да се заклучи дека судот во оваа област е максимално ажурен.

- Во 2021 год. имало заостаток од 14 предмети, биле примени 35 новопримени **замолници во кривична област**, или во работа биле вкупно 49 предмети, од кои биле решени сите 49 предмети, или просечно месечно се решавани по 4,6 предмети, со што може да се заклучи дека

судот во оваа област е апсолутно ажурен.

**Во делот на предметите за кривично полнолетни лица мора да се нагласи дека совладувањето на приливот е постигнато со вонредно вложување на судиите кои работат на оваа област, бидејќи според обемот на работа во оваа област отимални резултати се постигнуваат само кога во оваа област работат тројца судии. Бидејќи оваа година еден судија кој работел на оваа материја во претходните години судиската функција ја вршеше во Основен суд Виница, по кривично полнолетни предмети постапуваа само двајца судии, од кои еден и како судија за извршување на кривични санкции, кои со исклучително вонредни напори успеаа да го совладат приливот и да го задржат заостатокот на исто ниво, и при тоа значително да го намалат бројот на стари предмети, со решавање на предмети повеќе од предвидената месечна норма.**

**ВИД НА ПРЕДМЕТ: КРИВИЧНИ МАЛОЛЕТНИ**

- Во 2021 год. имало заостаток од 25 предмети, вкупно биле примени нови 18 **кривични предмети за малолетници**, или вкупно во работа биле 43 вакви предмети, од кои биле решени 30 предмети, или просечно месечно се решавани по 2,8 предмети. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 година имало заостаток од 25 кривични предмети за малолетни лица, а на крајот на 2021 год. останале нерешени 13 предмети, произлегува дека во оваа област приливот е совладан и заостатокот е намален за 12 предмети, може да се заклучи дека во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2021 год. имало заостаток од 3 предмети, вкупно биле примени 3 **разни кривични предмети за малолетници**, односно во работа биле вкупно 6 вакви предмети, при што биле решени сите 6 предмети, па може да се заклучи дека во оваа област судот бил апсолутно ажурен.

**ВИД НА ПРЕДМЕТ: ПОСТАПУВАЊЕ ВО КРИВИЧЕН СОВЕТ (ДЕЈСТВИЈА ВО ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА И ВОН ГЛАВНА РАСПРАВА)**

- Во 2021 год. имало заостаток од 18 предмети, вкупно биле примени нови 220 предмети **по кои постапувал кривичниот совет (определени дејствија во претходна постапка-кривично и вон главна расправа)**, или во работа биле вкупно 237 предмети, од кои биле решени 223 предмети, или просечно месечно се решавани 21,2 предмети. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 год. имало 18 нерешен предмети, а на крајот на 2021 год. останале нерешени 14 предмети, произлегува дека во оваа област приливот е совладан и заостатокот намален за 4 предмети, што значи дека судот покажал максимална ажурност и во оваа област.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: ОЦЕНА НА ОБВИНИТЕЛЕН АКТ

- Во 2021 год. имало заостаток од 6 предмети, новопримени 43 предмети, или вкупно во работа биле 49 предмети од **областа на оцена на обвинителен акт во кривично полнолетни предмети**, од кои биле решени 44 предмети, или просечно месечно се решавани по 4,1 предмети. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 год. имало заостаток од 6 предмети, а на крајот на 2021 год. останале нерешени 5 предмети, произлегува дека и во оваа област приливот е целосно совладан и заостатокот намален за 1 предмет, со што судот покажал апсолутна ажурност и во оваа област.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: ПРЕКРШОЦИ

- Во 2021 год. имало заостаток од 1 081 предмет, 1 492 новопримени, и 1 повторно заведен **прекршочни предмети**, или вкупно во работа биле 2 572 предмети, од кои биле решени 1 867 предмети, или просечно месечно се решавани по 177,8 предмети. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 год. имало заостаток од 1 081 прекршочни предмети, а на крајот на 2021 год. останале нерешени 705 предмети, произлегува дека во 2021 год. приливот на прекршочни предмети е целосно совладан и заостатокот е намален за 376 предмети, произлегува дека во прекршочната област Основен суд Кочани во 2021 год. покажал апсолутна ажурност.

- Во 2021 год. имало заостаток од 1 предмет, вкупно биле примени 324 **разни прекршочни предмети,** или во работа биле вкупно 325 предмети, од кои сите 325 биле решени, или просечно месечно биле решавани по 30,9 предмети, па и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

**При ваквата фактичка состојба треба особено да се нагласи и истекне дека во оваа област е постигнат особен напредок во намалување на заостаокот на нерешени предмети, па така на почетокот на 2021 година во областа прекршоци имаше заостаток од 1 081 предмет а на крајот на годината има заостаток од 705 предмети, што значи намалување на заостатокот за 376 предмети, кое нешто е резултат на добро направениот распоред за работа на судиите, исполнување на Акционеиот план за 2021 година, и совесноста на судиите кои постапуваат во граѓанска област кои се согласија покрај во граѓанската област да работат и на прекршочни предмети, кое нешто се појави како неопходност по разрешување на судијата кој сите години наназад работеше на прекршочна материја, на нејзино барање, што резултираше со значително нљамалување на заостатокот на предмети не само во прекршочната материја туку и на ниво на суд.**

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: ИЗВРШУВАЊЕ (КРИВИЧНИ И ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ)

- Во 2021 год. имало заостаток од 411 предмети, биле примени

нови 1 507 предмети од **областа на извршување на кривични и прекршочни санкции**, или вкупно во работа биле 1 918 предмети за извршување на санкции, од кои биле решени 1 392 предмети, или просечно месечно се решавани 132,5 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2021 год. останале нерешени 526 предмети, приливот во однос на претходната година не е совладан и заостатокот е зголемен за 115 предмети, кое нешто се должи на фактот што по овие предмети постапуваат двајца судии кои работат истовремено и на кривично полнолетни предмети.

## *Б. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ*

## ВИД НА ПРЕДМЕТ-ГРАЃАНСКИ

Во граѓанската област приливот е совладан и заостатокот е намален, што се должи на тоа што во оваа област постапуваат во континуитет тројца судии, и приливот во оваа област во 2021 година не отскокнуваше од вообичаениот прилив од претходните години, па во оваа област судот бил апсолутно ажурен.

- Во 2021 год. имало заостаток од 91 предмет, 153 новопримени предмети, или вкупно во работа биле 244 предмети од **спорови од мала вредност,** од кои биле решени 183 предмети, или просечно месечно се решавани 17,4 предмети. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 год. имало заостаток од 91 ваков предмет, а на крајот на 2021 год. останале нерешени 61 предмети, од што произлегува дека приливот е совладан и заостатокот е намален за 30 предмети во однос на претходната година и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2021 год. имало заостаток од 29 предмети, биле примени 33 новопримени предмети, или вкупно во работа биле 62 предмети од **имотни спорови,** биле решени 43 предмети, или просечно месечно се решавани 4 предмети. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 год. имало заостаток од 29 предмети, а на крајот на 2021 год. останале нерешени 19 предмети, приливот е совладан и заостатокот е намален за 10 предмети во однос на претходната година, и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2021 год. имало заостаток од 40 предмети, новопримени биле 108 предмети, или вкупно во работа биле 148 предмети од **семејни спорови.** Биле решени 110 предмет, или просечно месечно се решавани по 10,4 предмети. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 год. имало заостаток од 40 предмети, а на крајот на 2021год. останале нерешени 38 предмети, 2 предмети помалку од заостатокот на почетокот на 2021 год., може да се заклучи дека судот во оваа област е апсолутно ажурен, бидејќи приливот е совладан и заостатокот намален.

- Во 2021 год. имало заостаток од 67 предмети, 77 се новопримени предмети, или вкупно во работа предмети од **работните спорови** биле 144, од кои биле решени 98 предмети, или просечно месечно се

решавани 9,3 предмети. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 год. имало заостаток од 60 предмети, а на крајот на 2021 год. останале нерешени 46 предмети, произлегува дека и во оваа област приливот е совладан и заостатокот намален за 21 предмет, и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2021 год. имало заостаток од 30 предмети, новопримени се 39 предмети, или вкупно во работа биле 69 предмети од **облигациони спорови,** од кои биле решени 46 предмети, или просечно месечно се решавани по 4,3 предмети. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 год. имало заостаток од 30 предмети, а на крајот на 2021 год. останале нерешени 23 предмети, произлегува дека и во оваа област приливот е совладан и заостатокот е намален за 7 предмети во однос на претходната година, со што и во оваа област судот е апсолутно ажурен.

- Во 2021 год. имало заостаток од 15 предмети, биле новопримени 12 предмети, или вкупно во работа биле 27 предмети од **трговски спорови,** од кои биле решени 16 предмети, или просечно месечно се решавани по 1,5 предмети. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 год. имало заостаток од 15 предмети, а на крајот на 2021 год. останале нерешени 11 предмети од трговски спорови, произлегува дека и во оваа област приливот е совладан и заостатокот намален за 4 предмети во однос на претходната година, со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2021 год. имало заостаток од 60 предмети, биле новопримени 98 предмети, или вкупно во работа биле 158 предмети од **областа на платни налози по приговор.** Биле решени 114 предмети, или просечно месечно се решавани 10,8 предмети. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 год. имало заостаток од 60 предмети, а на крајот на 2021 год. останале нерешени 44 предмети, приливот е совладан за 16 предмети, и во оваа област судот покажал апсолутна ажурност.

- Во 2021 год. имало заостаток од 3 предмети, и има 25 новопримени предмети, или вкупно во работа биле 28 предмети од **областа на стечај,** биле решени 23 предмети, или просечно месечно се решавани по 2,1 предмети. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 год. имало заостаток од 3 предмети, а на крајот на 2021 год. останале нерешени 5 предмети, произлегува дека приливот е совладан но заостатокот е зголемен за 2 предмети во однос на претходната година, и во област судот покажал ажурност во работењето.

- Во 2021 год. имало 4 новопримени предмети од **областа на повторување на постапката во парнично**, биле решени сите 4 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2021 год. нема нерешени предмети во оваа област судот покажал максимална ажурност.

**Кога станува збор за работата на судиите во граѓанска област, сметам за потребно, како што е наведено и претходно, да се нагласи исклучителната совесност на овие судии, кои го прифатија предлогот од Акциониот план за 2021 година, па и покрај тоа што со години наназад работат на граѓанска материја во текот на 2021 година прифатија и постапуваа и по предмети од областа на прекршоците, кое нешто го даде посакуваниот резултат,**

**совладување на приливот и намалување на заостатокот во прекршочните предмети.**

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: ВОНПАРНИЧНИ

- Во 2021 год. имало заостаток од 10 предмети, новопримени биле 7 предмети, или вкупно во работа биле 17 предмети за **физичка делба**, биле решени 11 предмети, или просечно месечно се решавани по 1 предмет. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 год. имало заостаток од 10 предмети, а на крајот на 2021 год. останале нерешени 6 предмети, произлегува дека во оваа област приливот е совладан и заостатокот намален за 4 предмети во однос на заостатокот на предмети на почетокот на 2021 год., со што и во оваа област судот покажал апсолутна ажурност во работењето.

- Во 2021 год. имало заостаток од 53 предмети, новопримени биле 69 предмети, или вкупно во работа биле 122 **вонпарнични предмети.** Биле решени 95 предмети или просечно месечно се решавани по 9 предмети. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 год. имало заостаток од 53 предмети, а на крајот на 2021 год. останале нерешени 27 предмети, приливот е совладан и заостатокот е намален за 26 предмети и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2021 год. имало заостаток од 2 предмети, ново примени биле 12 предмети, или вкупно во работа биле 14 **замолници,** од кои решени се 10 предмети, или просечно месечно се решавани по 0,9 предмети. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 год. имало заостаток од 2 предмети, а на крајот на 2021 год. останале нерешени 4 предмети, два повеќе во однос на заостатокот од 2020 год., приливот е совладан, па и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2021 год. имало заостаток од 8 предмети, вкупно биле примени 1 748 новопримени и 1 погрешно заведен предмет, или вкупно во работа биле 1 755 **заверки**, биле решени 1 742 предмети, или просечно месечно се решавани по 165,9 предмети. Имајќи во предвид дека на почетокот на 2021 год. имало заостаток од 8 предмети, а на крајот на 2021 год. останале нерешени 13 предмети од областа на заверки на договор, приливот е совладан а заостатокот зголемен за 5 предмети во однос на претходната година, со што и во оваа област судот покажал ажурност во работењето.

- Во 2021 год. вкупно биле примени 1 предмет **оставини по приговор** и истиот бил решен, или просечно месечно се решавани по 0,09 предмети, и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: ИЗВРШУВАЊЕ (ВО ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ)

- Во 2021 год. вкупно биле примени 52 предмети од **приговори против неправилности во извршувањето (ППНИ),** биле решени 51 предмети, или просечно месечно се решавани 2 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2021 год. останал само 1 нерешен предмет, и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2021 год. вкупно биле примени 14 новопримени предмети од **извршување по закон за семејството**, решени се 14 предмети, нема заостаток на крајот на годината, со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

-Во 2021 год. вкупно бил примен 1 новопримен предмет **за против извршување**, заостаток од претходната година 1 предмет, или вкупно 2 предмети во работа, решен е 1 предмет, има 1 предмет заостаток на крајот на годината, со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

**ВИД НА ПРЕДМЕТ: ЕВИДЕНЦИИ ВО СУДСКА УПРАВА**

- Во 2021 год. имало заостаток од 6 предмети, вкупно биле примени нови 2 100 **предмети од судска управа**, или вкупно во работа биле 2 106 предмети, од кои решени се 2 105 предмети, има 1 нерешен предмет на крајот на 2021 год., со што и во оваа област судот покажал апсолутна ажурност.

- Во 2021 год. вкупно биле примени 7 **строго доверливи предмети во судска управа** и истите се решени.

**ВИД НА ПРЕДМЕТ: ПРЕСТАВКИ И ПОПЛАКИ, И СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИЈА**

-Во 2021 год. имало заостаток од 1 предмет, вкупно биле примени 40 **предмети од областа на слободен пристап до информации,** или вкупно во работа биле 41 предмет. Решени се 39 предмети, останале нерешени 2 предмети, со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

-Во 2021 год. имало заостаток од 4 предмети, вкупно биле примени 13 **нови предмети од евиденција на преставки и поплаки,** или вкупно во работа биле 17 предмети, сите 17 предмети се решени, со што и во оваа област судот покажал апсолутна ажурност.

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА, ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ВРАБОТУВАЊА

Согласно Правилникот внатрешна организација и систематизација на работните места на Основен суд Кочани во овој суд се предвидени 88 работни места, од кои заклучно со 31.12.2021 година има вработено вкупно 41 службеници, од кои 38 судски службеници според Законот за судска служба, 3 вработени по Законот за работни односи, и еден вработен на определено време.

Во 2021 година беше одобрено едно вработување на определено време, кое беше и реализирано, беа одобрени 5 унапредувања за 5-ца судски службеници (4 од судски референти во виши судски референти и 1 од судски соработник во виш судски соработник) од кои 4 се

реализирани, и беше одобрено едно ново вработување на работно место ,,самостоен судски референт-водител на писарница,, која постапка делумно е спроведена но не е реализирана до крај, поради краткиот рок од добивањето на согласноста од Министерството за финансии, и за кое место ќе се бара обновување на согласноста.

Во текот на 2021 година во Основен суд Кочани беа испразнети 5 работни места (судски службеници) и тоа: 1 по основ на пензионирање, 3 по лично барање на судскиот службеник, и 1 судски соработни поради именување за нотар.

Во 2022 година не се предвидени пензионирања, но еден судски соработник ќе посетува Академија за судии и јавни обвинители, што значи остануваат нови непополнети 5 испразнети работни места од претходната година.

Заради ограничувањата на бројот на барани нови вработувања за 2022 година е поднесено барање за одобрување на 2 нови вработувања, еден судски службеник за работно место ,,самостоен судски референт-прием и експедиција на пошта, и еден судски службеник-судски референт (дактилограф) а е побарано и одобрение за вработување на определено време на еден хигиеничар, поради истекот на договорот за работа на определено време заклучно со декември 2021 година.

Бидејќи и понатаму останува проблемот со недостаток на дактилографи, како и недоволниот број на судски соработници, сметаме за потребно во догледно време да се обезбеди согласност за пополнување и на овие работни место, минимум со по едно ново вработување.

Согласно одлуката на Судскиот Совет на Р.С.Македонија за Основен суд Кочани е предвидено да постапуваат и судиската функција да ја извршуваат 10 судии, меѓутоа со пензионирање на судии и разрешување на еден судија по негово барање во текот на 2021 година, во моментов пополнети се само 8 од овие места, со тоа што и во текот на 2021 годината, како впрочем и повеќе години наназад, фактички постапуваaа 7 судии, бидејќи еден судија по пат на делегирање во текот на 2021 година судиската фунција ја обавуваше во Основен суд Виница каде сеуште се наоѓа.

Со овој број на судии значително е отежнато изготвувањето на Годишниот распоред за работа на судиите, особено во формирањето на советите од тројца судии, па често се јавува потреба од изземања во кривичните предмети поради законски пречки опеределен судија да постапува во некој предмет, проблеми околу назначување на втор судија во судечки совет од 5 члена, а со тоа и честа потреба да се бара определување на друг суд да постапува по кривичен предмет, но и неопходноста судии кои се специјализирани да работат во граѓанска материја да земат во работа и прекршочни, а понекогаш и кривични предмети.

Судиите и судската служба имаат посетувано обуки организирани

од Академијата за судии и јавни обвинители така што ги имаат исполнето потребните часови на задолжителна обука која треба во текот на годината да се реализира преку Академијата за судии и јавни обвинители, се разбира редуцирано и претежно on line, поради познатата состјба со епидемијата од КОВИД 19.

## ПРОЦЕНКА НА БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ, СТРАНКИТЕ, ПРЕДМЕТИТЕ И ОПРЕМЕНОСТА НА СУДОТ

Општа проценка е дека во Основен суд Кочани безбедносната состојба на вработените, странките, предметите и опремата на судот е на високо ниво.

Обезбедувањето во судската зграда, вработените и странките, како и предметите и опремата, го вршат припадници на судска полиција, 8 (осум) полицајци, додека работното место на командирот на судска полиција му е во мирување, поради стапување на функција градоначалник, и со месечните распореди за работа кои ги донесува заменикот на командирот на судската полиција е обезбеден 24 часовен надзор на судската зграда и просторот околу истата.

- Во зградата има вградено алармни системи ДСЦ за кражба, аларм систем против пожар со автоматска дојава на пожар со сензорска детекција. Алармите се активни 24 часа а исклучувањето и вклучувањето е со внесување на шифри. На секој спрат во зградата има вградено по 2 противпожарни хидранти кои во текот на 2021 година беа сервисирани и старите ПП апарати заменети со нови.

- Тивок аларм во судници бр. 1 и 2 кој се вклучува со допир на копче а дисплејот од алармите е исталиран во пријавница кај судска полиција.

- Судската зграда надворешно е осветлена со 4 рефлектори, а дворната површина е заградена со бетонски зид и метална ограда во висина од околу 2 метра и има две капии со клизачи врати.

- Од вооружување и опрема има 6 пиштоли марка чз со различен калибар од застарени модели, 6 палици, 6 лисици, 6 опасачи, 1 панцир и 1 шлем.

- Метал детектор ПИНПОИНТ ПД 6500 И статичен 1број, Рачни метал детектори 4 броја,од кои 3 броја марка ГАРЕТТ СУПЕР ВАНД и 1 број марка СУПЕР ОМНИ

- Видео надзор со 8 камери поставени 6 внатрешни и 2 надворешни, видеорекордер марка HIKVISION DS-722xx верзија, серија1.2.2. Видеорекордерот и мониторот се исталирани во Пријавница кај судска полиција.

- 2 надворешни камери кои се наоѓаат на влезовите во судската зграда марка HIKVISION DS-2CE16COT-VFIR3F ОБЈЕКТИВ 2.8-12 мм.

720 пиксели.

- надворешното осветлување на судската зграда со 4 рефлектори.

### *3. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА*

Заради усогласување на судската пракса во 2021 година со одлука беше определено лице од редот на стручните соработници кое е задолжено да врши прибирање на специфични првостепени и второстепени одлуки кои ќе бидат собрани во еден зборник - судски практикум, кој ќе им биде достапен на сите судии.

Од редот на стручните соработници исто така беше определено и задолжено лице за следење на објавените одлуки на Европскиот суд за човковите права, кои одлуки се ставани на мрежата на судот и истите се направени достапни за сите судии.

Заради усогласуввање на судската пракса од страна на граѓанскиот и кривичниот оддел на Основен суд Кочани редовно се одржувани седници на оддели, како і седници на судии, во врска со поставување на правни прашања до Апелационен суд Штип, завземање ставови на начин на кој да се решаваат определи правни прашања во сродни предмети, кое нешто и придонесе во намалување на стагите нерешени предмети.

Исто така, заради усогласување на судската пракса и за да се спречи укинување на предмети од исти причини кај различни судии поради повреда на материјалното и процесното право, по сите предмети по кои повисоките судови имаат донесено одлуки со кои се укинува или преиначува првостепената одлука на мрежата на судот овие одлуки беа скенирани и до нив имаа пристап сите судии, со што се овозможува да имаат увид во истите и во иднина да не се прават повреди на материјалното и процесното право.

Усогласувањето на судската пракса во Основен суд Кочани се врши и на тој начин што секогаш кога ќе се примат предмети од Апелационен суд Штип кои било во постапка по жалба, како и предмети вратени од Врховен суд, сите судии заеднички ги разгледуваат вратените предмети од по жалба, и донесуваат заклучок како во иднина да се постапува во такви и слични предмети, согласно укажувањата на повисоките судови, и овие укажувања се применуваат не само во укинатите предмети туку и во сите исти или слични предмети по кои во иднина се постапува.

Заради воедначување на судската пракса се користи и инструментот на консултации со Апелационен суд Штип, заради добивање на сознаниеја дали и каков став повисокиот суд има завземано по определени правни прашања, и таквите ставови и пракса на овој суд се применуваат во постапките пред Основен суд Кочани.

За таа цел сите судии редовно ги следат и објавените судки одлуки

на веб страната на Апелационен суд Штип, како и објавените одлуки на веб страните на останатите основни судови.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

1.Службено лице задолжено за посредување на информации кај имателот на информации-Основен суд Кочани е Катерина Фудулски, судски соработник во Основен суд Кочани.

2.Број на примени барања - 40 :

1.Барател: Хелсиншки комитет за човекови права на Република С.Македонија-Скопје – податок: 1.Број на поведени постапки за дискриминација врз основа на пол и род во работни односи во 2020, во кои тужителите се жени? 2. Број на пресуди во кои се утврдува дискриминација врз основа на пол и род во работни односи во 2020, во кои тужителите се жени? 3. Број на пресуди во кои не се утврдува дискриминација врз основа на пол и род во работни односи во 2020, во кои тужителите се жени?

2.Барател: Физичко лице – податок: 1. Дали во Основен суд Кочани се одржани рочишта/судења во граѓанска постапка(парнична и вонпарнична постапка) преку т.н. далечинско судење(онлајн судење), од почетокот на пандемијата со КОВИД-19 до денес,2.Доколку одговорот е ДА, колку рочишта во граѓанска постапка(парнична и вонпарнична постапка) се одржани преку т.н.далечинско судење(онлајн судење), од почетокот на пандемијата со КОВИД-19 до денес,3. Доколку одговорот е ДА, дали т.н. далечинско судење(онлајн судење) е/се одржана/и преку телефон или видео врска и која ведео платформа е користена од Основен суд Кочани, од почетокот на пандемијата со КОВИД-19 до денес, и 4. Доколку одговорот е НЕ, кои се најзначајните причини поради кои не се одржани рочишта/судења во граѓанска постапка(парнична и вонпарнична постапка) во Основен суд Кочани преку т.н. далечинско судење (онлајн судење), од почетокот на пандемијата со КОВИД-19 до денес.

3.Барател: Физичко лице – податок: - 1.Колку разводи на брак имало во надлежност на Основен суд Кочани во текот на 2020-та година?

4.Барател: Здружение Хелсиншки комитет за човекови права-Скопје – податок: Бројот на примени тужби за заштита од дискриминација, расчленето по облик, основ и област каде е сторена дискриминацијата?- Бројот на одлуки со кои е утврдена дискриминација?

-Бројот на одлуки со кои не е утврдена дискриминација?, а кои се однесуваат на 2020 година.

5.Барател: Фондација Отворено општество -Македонија Скопје - податок: Колку судии имаат посетено обука за Законот за бесплатна правна помош.

6.Барател: Фондација Отворено општество-Македонија-Скопје податок: Како го промовирате Законот за бесплатна правна помош?

7.Барател: Фондација Отворено општество-Македонија-Скопје - податок: -.Дали судот во постапка кога е назначен адвокат за давање на бесплатна правна помош, бара и посебно полномошно или доволна е

потврда/решение за назначување на адвокат за давање на секундарна правна помош.

8.Барател: Отворено општество-Македонија-Скопје - податок: Број на постапки во кои граѓаните на кои им е одобрена бесплатна правна помош се ослободени од судски такси и административни такси.

9.Барател: Отворено општество-Македонија-Скопје - податок: Ваши предлози да се олесни пристапот до бесплатна правна помош.

10. Барател: Отворено општество-Македонија-Скопје - податок: - Број на постапки во кои граѓаните на кои им е одобрена бесплатна правна помош им биле покриени трошоци за вештачење согласно Законот за бесплатна правна помош.

11. Барател: Отворено општество-Македонија-Скопје - податок: - Кои се потешкотиите со кои Вие се соочувате во примената на Законот за бесплатна правна помош? Наведете неколку правни празнини во имплементацијата на ЗБПП.

12. Барател: Отворено општество-Македонија-Скопје - податок: Како е регулирана соработката со Бирото за судски вештачења и дали постои посебен образец за упатување на барање за вештачење кога е одобрена секундарна правна помош.

13. Барател: Отворено општество-Македонија-Скопје - податок: - Дали сметате дека бројот на одобрени барања за секундарна правна помош одговара на потребите на граѓаните?

14. Барател: Отворено општество-Македонија-Скопје - податок: 1.Кога корисникот на секундарна правна помош ќе успее во постапката и судот ќе ги утврди трошоците спрема спротивната страна за сметка на Буџет на државата кој го известува Министерството за правда(адвокатот, странката која добила БПП, или судот).

15. Барател: Отворено општество-Македонија-Скопје - податок: 1.Број на започнати постапки по одобрено барање за бесплатна правна помош на жртви на семејно насилство(по пол, возраст, етничка припадност).

16. Барател: Отворено општество-Македонија-Скопје - податок: Број на адвокати кои ги застапувале странките во постапки по основ на одобрено барање за бесплатна правна помош.

17. Барател: Отворено општество-Македонија-Скопје - податок: -Број на завршени постапки по одобрено барање за бесплатна правна помош на жртви на семејно наслство(по пол, возраст, етничка припадност).

18. Барател: Отворено општество-Македонија-Скопје - податок: - Број на усвоени предлози, тужбени барања, жалби во постапки каде има одобрено барање за бесплатна секундарна правна помош).

19. Барател: Отворено општество-Македонија-Скопје - податок: -. Број на започнати постапки по одобрено барање за бесплатна правна помош (по пол, возраст, етничка препадност).

20. Барател: Отворено општество-Македонија-Скопје - податок: -. Дали сметате дека се потребни обуки за судии како би се запознале подетално со правото на бесплатна правна помош и би се обезбедил поефикасен и поефективен пристап до правда?

21. Барател: Физичко лице - податок: 1.Колку одбивателни пресуди се донесени во Основен суд Кочани (поделени спрема физичко(машки или женски пол) и правно лице.2.Колку ослободителни пресуди се

донесени во Основен суд Кочани (поделени спрема физичко(машки или женски пол) и правно лице.3.Колку осудителни пресуди се донесени во Основен суд Кочани (поделени спрема физичко(машки или женски пол) и правно лице.4.Во однос на осудените лица, да бидат доставени податоци за видот на санкцијата.5.Податоците да бидат за секој месец од 2020 пооделно.

22. Барател: Физичко лице - податок: 1)Колку оставински предмети се во работа на почетокот на годината, колку оставински предмети се примени, колку од истите се решени и колку останале на крајот од годината, и тоа за 2015,2016,2017,2018,2019 и 2020 година?, а во прилог е испратена табела заради пополнување на бараните информации).

23. Барател: Коалиција на здруженија на граѓани,,Сите за правично судење,,-Скопје - податок: Број на осудителни пресуди, број на ослободителни пресуди и број на одбивателни пресуди по година за периодот од 01.01.2017 до 31.12.2020 година?

24. Барател: Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, Скопје - податок: Број на донесени правосилни судски пресуди во врска со случаи на сексуално насилство и тоа:-Член 186 - Силување од Кривичен Законик на РСМ за година 2018, 2019 и 2020 година,-Член 187 - Обљуба врз немоќно лице од Кривичен Законик на РСМ за година 2018, 2019 и 2020 година,-Член 188 - Полов напад врз дете од Кривичен Законик на РСМ за година 2018, 2019 и 2020 година,-Член 189 - Обљуба со злоупотреба на полжба од Кривичен Законик на РСМ за година 2018, 2019 и 2020 година,-Член 190 - Задоволување на полови страсти пред друг од Кривичен Законик на РСМ за година 2018, 2019 и 2020 година,-Член 191 – Посредување во вршење проституција од Кривичен Законик на РСМ за година 2018, 2019 и 2020 година,-Член 192 – Поведување и овозможување полови дејствија од Кривичен Законик на РСМ за година 2018, 2019 и 2020 година,-Член 193 – Прикажување на порнографски материјал на дете од Кривичен Законик на РСМ за година 2018, 2019 и 2020 година,-Член 194 - Родоскврнавење од Кривичен Законик на РСМ за година 2018, 2019 и 2020 година. Бараните податоци да бидат поделени по општини каде што е надлежен Основен суд Кочани, да бидат поделени по пол/род на жртвата, пол/род на сторителот во која релација се жртвата и сторителот.

25. Барател: Здружение на новинарите на Македонија-Скопје - податок: Сите правосилни пресуди согласно чл.319 од КЗ-Предизвикување омраза раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа кои се донесени во рамките на Основен суд Кочани во период од 2010 до 2021 година.

26. Барател: Здружение на граѓани,,Реактор,,-Истражување во акција Скопје - податок: -Број на случаи со утврдена дискриминација по основ на род/пол од областа на работните односи, разделени по пол на странката-тужител и по пол на тужениот, за периодот од 2018-2020 година.-Број на покренати постапки од областа на работните односи по основ на род/пол разделени по пол на странката-тужител и по пол на тужениот, за периодот од 2018-2020 година.-Број на поднесени тужби за вознемирување на работно место разделени по пол на странката-тужител и по пол на тужениот, за периодот од 2018-2020 година.-Број на поднесени тужби за дискриминација на работничка по основ на бременост, мајчинство и родителство.-Број на случаи со

утврдена дискриминација на работничка по основ на бременост, мајчинство и родителство.

27.Барател: Физичко лице - податок: Колку тужби се поднесени до судот во периодот од 2018-2020? Колку од подносителите биле мажи, а колку жени?Бараме податоците да ни ги доставите разделени за секоја година одделно.2. Колку постапки се започнати во 2018,2019 и 2020 одделно со застапување на странките со адвокат назначен.3. Во колку од поднесените тужби странките побарале ослободување од судските трошоци во периодот од 2018-2020? Колку од тие што побарале ослободувањеод судски трошоци биле мажи, а колкужени? Бараме податоците да ни гидоставите разделени за секоја година одделно.4. Во колку случаи биле одобрени барања за ослободување од трошоци во периодот од 2018-2020? Колку од тие на кој име одобрено барањето за ослободување од,трошоци биле мажи, а колку жени? Бараме податоците да ни ги доставите разделени за секоја година одделно.5.Во колку од постапките кои се водатпред судот во периодот 2018/2020 се ангажирани судски преведувачи или толкувачи? Колку од поставените преведувачи толкувачи биле мажи, а колку жени? Бараме податоците да ни ги доставите раздвоено за секоја година поединечно.6.Колку е просечно време за разрешување на граѓански спорови во,вашиот суд? 7. Колку е просечното време од примање до разрешување на случаи а насилство врз жените? 8.Каков е соодносот на вкупниот број на предмети наспрема решени предмети за 2018, 2019и 2020 година одделно? 9.Колкав е бројот на решени наспрема ново примени случаи во 2018, 2019 и 2020година одделно? 10. Колку приватни кривични тужби сеподнесени до судот во периодот 2018 -2020? Колку од подносителите и колку од оштетените се жени, а колку мажи? Бараме податоците да ни ги доставите раздвоено за секоја година поединечно.11.Колку обинителни предлози сеподнесени до судот во периодот 2018-2020? Бараме податоците да ни ги доставите раздвоено за секоја година поединечно.12. Колку обинителни акти се поднесенидо судот во периодот 2018-2020? Бараме податоците да ни ги доставите раздвоено за секоја година поединечно.13. Колку бранители по службенадолжност се поставени од страна на,претседателот на судот во периодот од 2018-2020? Колку од поставените адвокати биле жени, а колку мажи? Бараме податоците да ни ги доставие раздвоено за секоја година поединечно.14. Колку обвинети побарале да им се постави адвокат поради нивната имотна состојба (одбрана на сиромашни) во периодот 2018-2020? Колку од обвинетите кои побарале одбрана на сиромашни биле жени, а колку мажи? Бараме податоците да ни ги доставите раздвоено за секојагодина поединечно.15.Колку од поднесените барања за одбрана на сиромашни се одобрени и на овие обвинети претседателот на судот им поставил бранител во периодот 2018-2020? Колку од поставените адвокати биле жени, а колку мажи? Бараме податоците да ни ги доставите раздвоено за секоја година поединечно 16.Во колку од постапките кои се водат пред судот се ангажирани судски преведувачи или толкувачи? Колку од поставените преведувачи-толкувачи биле жени, а колку мажи? Бараме податоците да ни ги доставите раздвоено за секоја година поединечно.

28. Барател: Физичко лице - податок: Податоци за обвинети и осудени лица , сторители на кривичните дела против животната средина за периодот од 2014-2019 година и обвинети и осудени сторители на

кривичното дело од чл.226 од КЗ,,Пустошење на шума,, за периодот од 2014-2019 година.

29. Барател: Хелсиншки Комитет за човекови права Скопје - податок: 1.Колку предлози за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство се поднесени до судот во периодот од 1 јануари-31 мај 2021 година? Податоците да бидат разделени по форми на насилство заради кои се бара изрекување на привремена мерка за заштита.2. Колку решенија за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство се изречени во периодот од 1 јануари-31 мај 2021 година? Податоците да бидат разделени по форми на насилство заради кои се бара изрекување на привремена мерка за заштита.3. Во периодот од 1 јануари-31 мај 2021 година колку тужби се поднесени до ОС Кочани кои се однесуваат за утврдување на повреда на принципот на должно внимание на државните изнституции во постапување во случаи на заштита на жртвите на родово-базирано насилство? Податоците да бидат разделени по форми на насилство заради кои се бара утврдување на повреда на принципот на должно внимание.4. Во периодот од 1 јануари-31 мај 2021 година колку пресуди се донесени за утврдување на повреда на принципот на должно внимание на државните изнституции во постапување во случаи на заштита на жртвите на родово-базирано насилство? Податоците да бидат разделени по форми на насилство заради кои се бара утврдување на повреда на принципот на должно внимание.5. Во периодот од 1 јануари-31 мај 2021 година колку тужби за надомест на штета се поднесени до ОС Кочани во случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство? 6. Во периодот од 1 јануари-31 мај 2021 година колку пресуди за надомест на штета се донесени во ОС Кочани во случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство? 7.Во периодот од 1 јануари до 31 мај 2021 година колку пресуди за извршено кривично дело убиство во кое жртвата е жена се изречени во Основен суд Кочани? Да биде наведена и казната која е изречена на сторителот на кривичното дело. 8.Во периодот 1 јануари-31 мај 2021 година колку обвинителни акти се поднесени до Основен суд Кочани за извршено кривично дело убиство во кое жртвата е жена.

30. Барател: Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство-Скопје - податок: карактер и тоа податоци за кривични дела убиство и обид за убиство на жени по кои Основен суд Кочани е надлежен да постапува и бара :-Увид во предмети со идентификувани жртви, по чл.123 од КЗ-Увид во предмети на убиства и убиства во обид каде жртви се жени за сите предмети за период од 2017 до 2020 година.

31. Барател: Коалиција на здруженија на граѓани,,Сите за правично судење,,-Скопје - податок: - Колку кривични предмети се оформени по член 205 и 206 (Пренесување на заразна болест и непостапување според здравствените прописи за време на епидемија) од Кривичниот Законик во периодот 17.03.2020-30.06.2021 година)?- Колку пресуди се донесени по чл 205 и 206 од Кривичниот Законик во периодот 17.03.2020-30.06.2021 година?- Колку од тие пресуди се осудителни?

32. Барател: Балканска истражувачка репортерска мрежа-Скопје - податок:-Број на пресуди донесени за членот 227 од КЗ (Предизвикување шумски пожари) за периодот од 2016 до 2020 година по години (казна затвор, условни , одбивателни).- Број на пресуди донесени за членот 227

од КЗ (Предизвикување шумски пожари) заклучно со 31.07.2021 година(казна затвор, условни, одбивателни).

33. Барател: Физичко лице - податок: статистички податоци за судски одлуки за кривични дела по чл.213, чл.,214, чл.232 и чл.248 од КЗ за периодот од 2016 година до денес

34. Барател: Институт за стратешки истражувања и едукација -Скопје - податок: да се достават податоци, информации, документи и сл. од Основен суд Кочани кои произлегуваат од Законот за правда за деца.

35. Барател: Физичко лице - податок: -. 1.Статистички податоци за предмети завршени со правосилна и извршна пресуда за сторени кривични дела од глава триесетта,,КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ,, од Кривичниот Законик за периодот од 2015-Септември - 2021 година , а во врска со спроведувањето на одредбите на законите од областа на животната средина. 2.Препис од предмети завршени со правосилна и извршна пресуда подобни за правна анализа.

36. Барател: ОБСЕ/ОДИХР Набљудувачка мисија за претстојните локални избори 2021, Лимак Скопје - податок: Вкупниот број на полнолетни граѓани, кои согласно одлука на Основен суд Кочани се прогласени за целосно и делумно деловно неспособни, заклучно со 15.10.2021 година.

37. Барател: Центар за правни истражувања и анализи-ЦПИА -Скопје - податок: Пол и година на раѓање на судските службеници од категорија А,Б,В и Г, согласно Законот за судска служба.

38. Барател: Оља Ристова-Судија во Основен кривичен суд Скопје - податок: -Дали во периодот 2019, 2020 година и од 01 јануари до 30 октомври 2021 година се поднесени обвиненија за кривични дела во кои оштетени се новинари или медиумски работници, односно дали се поднесени обвиненија за сторени кривични дела: Убиство од чл.123, Телесна повреда од чл.130, Тешка телесна повреда од чл.131, Присилба чл.139, Противправно лишување од слобода чл.140, Загрозување на сигурноста чл.144 или за некое друго кривично дело предвидено во Кривичниот законик во кое како жртва – оштетен е новинар или медиумски работник; -Колку обвиненија се поднесени за наведениот период, колку постапки се водени и какви одлуки се донесени во Основниот суд Кочани за кривични дела во кои оштетен или жртва е новинар или медиумски работник;-Дали до Основниот суд Кочани се поднесени обвиненија за Загрозување на сигурноста согласно чл.144 ст.4 од КЗ за закани сторени преку информатички систем према новинари или медиумски работници; -Колку од жртвите или оштетени се жени - новинари или медиумски работници;-Дали постои посебен оддел или судии кои се обучени/специјализирани да постапуваат по обвиненија за кривични дела сторени према новинари и медиумски работници.

39. Барател: новинар Ангела Рајчевска-АД,,МИА,,-Скопје - податок: Број на заведени предмети во изминатите пет години (јануари 2016 до октомври 2021) по основ на Вознемирување на работно место (член 4 и 5 од Закон за заштита од вознемирување на работно место? Колку од нив се решени, колку се уште во работа? -Колку од заведените предмети по горенаведеното прашање се однесуваат на психичко, а колку на сексуално вознемирување на работно место?-Во колку од предметите тужител е жена, во колку маж?-Колку од завршените предмети по основ

на Вознемирување на работно место за изминатите пет години, доколку има, пресудата е донесена во корист на тужителот, а колку на тужениот?-Дополнително, колку од тужбите донесени во корист на тужителот се жени, а колку мажи?

40. Барател: Здружение на граѓани, Реактор-истражување во акција, Скопје - податок: Информации од граѓански оддел на судот 1. Број на започнати граѓански постапки за изрекување на привремена/итна мерка за заштита согласно Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство1, односно Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство2, за периодот од 2019 до 2021 година, разделени по: - години (за 2019, 2020 и 2021 година, со датум на последно обновување на податоците за 2021 година); - предлагач (дали предлагач е Министерството за внатрешни работи, центарот за социјална работа, жртвата, родител или старател); - пол на жртвата и пол на сторителот-противникот; - однос помеѓу жртвата и сторителот-противникот3; - вид на насилство за кое е побарана привремена/итна мерка (физичко, психичко, економско, сексуално или друг облик на насилство); - времетраење на постапката; - донесената одлука (доколку постапката завршила, дали барањето за привремена/итна мерка е усвоено во целост, делумно усвоено, одбиено во целост, отфрлено или повлечено). - вид на изречена привремена/итна мерка за заштита (доколку постапката завршила);- времетраење на изречената привремена/итна мерка за заштита (доколку постапката завршила). 2. Број на граѓански постапки од прашањето под точка 1 кои се правосилно завршени, разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година). 3. Број на поднесени и број на усвоени предлози од Министерството за внатрешни работи (МВР) за изрекување на итна мерка за заштита – отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).4. Број на предмети каде била изречена привремена мерка за заштита од родово-базирано и семејно насилство – задолжително посетување на соодветно советувалиште за сторители на насилство врз жени и семејно насилство разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година). 5. Број на поднесени предлози и број на усвоени предлози за продолжување на привремена/итна мерка за заштита, разделени по предлагач (дали предлагач е жртвата или центарот за социјална работа) по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година). 6. Број на поднесени предлози и број на усвоени предлози за укинување на привремена/итна мерка за заштита, разделени по предлагач (дали предлагач е жртвата или центарот за социјална работа) и по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година). 7. Број на поднесени предлози и број на усвоени предлози за измена на привремена/итна мерка за заштита, разделени по предлагач (дали предлагач е жртвата или центарот за социјална работа) и по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година). 8. Број на поднесени жалби против првостепената одлука на основниот суд за изречена привремена/итна

мерка за заштита, разделени по подносител (дали жалбата е поднесена од предлагачот или од сторителот/противникот) и по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година). 9. Број на примени известувања за непочитување или прекршување на изречената привремена/итна мерка за заштита разделени по подносител на известувањето (дали се работи за центарот за социјална работа или МВР), разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година). 10. Број на предмети каде судот побарал известување од центарот за социјална работа или од МВР за начинот на спроведување на изречената привремена/итна мерка на заштита, разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година). 11. Број на примени известувања за непочитување или прекршување на изречената привремена мерка задолжително посетување советувалиште за сторители на насилство врз жени или семејно насилство и број на предмети каде судот побарал известување за начинот на спроведување на изречена привремена мерка задолжително посетување советувалиште за сторители на насилство врз жени или семејно насилство, разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година). 12. Дали во текот на 2021 година, по стапувањето во сила на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство („Службен весник на Република Северна Македонија" број 24/2021), биле иницирани постапки за утврдување на одговорност за непостапување со должно внимание согласно одредбите од овој закон? Доколку одговорот на ова прашање е потврден, доставете ни податок за бројот на примени тужби и иницирани постапки од овој вид, против кого е поднесена тужба и за бројот на предмети каде тужбеното барање било целосно или делумно усвоено. Информации од кривичен оддел на судот-1. Број на започнати кривични постапки за родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство, за периодот од 2019 до 2021 година, разделени по: - години (за 2019, 2020 и 2021 година, со датум на последно обновување на податоците за 2021 година); - пол на сторителот и пол на жртвата; - однос помеѓу сторителот и жртвата4; - вид на насилството (физичко, психичко, економско, сексуално или друг облик на насилство); - квалификација на делото според Кривичниот законик; - начин на извршување на кривичното дело; - место на извршување на кривичното дело (дом или јавен простор); - времетраење на постапката;

- донесената одлука (доколку постапката завршила, дали пресудата била одбивателна, осудителна, ослободителна); - вид и времетраење на изречената кривична санкција (доколку постапката завршила). 2. Број на кривични постапки од прашањето под точка 1 кои се правосилно завршени, разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година). 3. Број на предмети за кривични дела на родово-базирано насилство и семејно насилство каде била изречена алтернативна мерка – условна осуда со заштитен надзор со обврска за осуденото лице за посетување на програма за работа со осуденици во советувалиште за сторители на родово-базирано и семејно насилство, разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година). 4. Број на предмети каде кривичната постапка за кривични дела

на родово-базирано и семејно насилство завршила со пресуда врз основа на предлог-спогодба во согласност со член 490 од Законот за кривичната постапка, разделени по видот и времетраењето на изречената санкција и по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година). 5. Број на предмети каде кривичната постапка за кривични дела на родово-базирано и семејно насилство завршила со пресуда врз основа на признание на вина, разделени по видот и времетраењето на изречената санкција и по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година). 6. Број на предмети за кривично дело – непочитување на судска одлука каде постапката била иницирана заради непочитување на судска одлука за изречена привремена мерка за заштита согласно Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, односно Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, разделени според изречената кривична санкција и по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

3. Број на позитивно одговорени барања - 40;

4.Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбино или отфрлено барање - нема;

5. Број на неодговорени барања-нема,

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација) - нема;

7.Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата - нема;

8.Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата - нема;

9.Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање -нема;

10.Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање - нема;

## 5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

- Во Основен суд Кочани се води исклучиво електронска евиденција на судски предмети и се спроведуваат сите постапки предвидени со Законот за управување со движење на предметите во судовите.
- До 01.07.2019 г. е вршено тонско снимање на граѓански рочишта, согласно утврден распоред за користење на една судница која е

опремена за вршење на тонско снимање.

- Се врши електронска достава на судски акти преку Систем за електронска достава на судски документи до сите правни и физички лица кои се корисници на Систем за електронска достава.
- Обезбеден е интернет пристап за корисниците заради електронска комуникација со институции
- Тековно и ажурно се врши објава на судски одлуки на web страната на судот.
- Се врши одржување на постојните хардверски и софтверски системи
- Се врши back up на податоци согласно утврдени процедури.
- Се вршат интервенции во случај на настанати проблеми во врска со хардверски или софтверски компоненти
- Се врши скенирање на поднесоци преку Модулот за скенирање и електронски прием на скенирани поднесоци во АКМИС.
- ИКТ опремата во Основен суд Кочани ги задоволува тековните потреби.
- Основен суд Кочани има во употреба три софтверски апликации и тоа: Автоматизиран компјутерски систем за движење на судски предмети – АКМИС, Автоматизиран буџетски менаџмент систем – АБМС, и Систем за тонско снимање на граѓански рочишта кој е инсталиран во една судница – SRS FEMIDA.

## ВООЧЕНИ ПРОБЛЕМИ

Во Основен суд Кочани има технички проблем со Системот за тонско снимање SRS FEMIDA. Имено, софтверот функционира на компјутер со инсталиран WINDOWS XP оперативен систем, но има проблем при снимањето на тонски и пишани записи од SRS FEMIDA на надворешен медиум односно CD. По доставените известувања за настанатите технички проблеми, имаше интервенција и сервисирање од страна на надлежна техничка екипа, но проблемот не се реши. Заради претходно наведеното,од тонски снимените граѓански рочишта на присутните странки на рочишта им се доставуваа писмени записници наместо CD – иња.

Согласно наведеното, неопходно е да се изврши набавка на целосно нова опрема за аудио снимање во судници која би ги опфатила потребните хардверски и софтверски компоненти (SRS Femida 4A 4ADigital Court recording software, 4 channels audio recording), со што би се надминал и проблемот со употреба на PC со инсталиран Windows XP оперативен систем во судницата во која е предвидено да се врши тонско снимање на граѓански рочишта.

Меморискиот простор за зачувување на податоците на серверите во Основен суд Кочани е со недоволен капацитет и неопходно е надградба на истиот, но сметам дека овој проблем ќе биде надминат со набавката на нови сервери во текот на 2022 година.

## 6. *ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ*

Во Основниот суд Кочани има три судници од кои во едната се одржува расправа по граѓански предмети а другите две се користат за одржување на претреси од кривичната област. Поради немањето на доволен број на судници најголем дел од судењата особено по граѓанските предмети се одржуваат во канцелариите на судиите.

Значително олеснување претставува функционирањето на шалтерскиот систем, меѓутоа сеуште просторните услови во судот не задоволуваат, нема посебна просторија дактило биро за записничарите, нема посебна просторија за адвокати.

Во овој дел понатаму останува проблемот што во истата зграда е сместено и Основното јавно обвинителство и Државното Правобранителство кои заземаат влијателен дел од просториите.

За вршење на работа во судот има обезбедено информатичка опрема компјутери, печатари и истите се користат оптимално. Во најголем дел просториите се климатизирани.

Во текот на 2021 година беа превземани повеќе активности во насока на подобрување на опременоста и функционалноста на судот па така беше извршено расчистување на стари и исушени дрвја во кругот на судска зграда, направени се соодветни адаптации на санитарните јазли со минимални вложувања, беше организирана акција за лачање на предмети од Основен суд Виница, со што се започна со расчистување на подрумските простории, беа набавени затворени метални ормари за архивираните предмети, делумно се заменија осветлувачките уреди во внатрешните простории на судската зграда и беа засадени неколку нови садници со зимзелени дрва во дворот на судската зграда.

**ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ**

- Заради подобрување на состојбата со опременост и одржување на зградата на судот нужно потребно е одобрување на финсиски средства за средување на подрумските простории на зградата каде се чуваат архивираните предмети и одземани предмети, бидејќи поради постоење на влага и неадаптирани делови од овие простории недоволене просторот за архивираните предмети и истите се подложни на уништување, неоходно потребно е да се изврши замена на подот во внатрешните простории заради оштетеност и дотраеност, набавка на бироа и столови за трите судници поради оштетување и дотраеност на истите, обелување на зидовите и префарбување на вратите од внатрешните простории заради оштетување и потемнување на истите.

- Поради старост потребна е замена на кровната конструкција на зграда а особено на подовите во судските канцеларии.

- Поради недобивање на согласност за нови вработувања за одржување на целата зграда се грижи само еден хигиеничар, па за

подобрување на хигиената неопходно е редовно вработување на најмалку уште еден хигиеничар.

## *7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ИЗВРШЕНИ И ПЛАНИРАНИ*

Во текот на 2021 година, согласно донесениот Годишен план за јавни набавки на Основен суд Кочани за период 2021 година, планираните набавки се спроведени преку ЕСЈН системот, почитувајќи ги вредносните прагови и постапки во Законот за јавни набавки.

-Оглас број 07978/2021-набавка од мала вредност
Предмет на набавката: набавка на информатичка опрема-персонални компјутери (десктоп) и лап топ компјутери.
Избран понудувач: ДПУТ БОКИ КОМПЈУТЕРИ ДООЕЛ увоз извоз Струмица
Вредност на договорот:495.000,00 денари без вклучен ДДВ.

-Оглас број 07927/2021 –набавка од мала вредност
Предмет на набавката: набавка на метални архивски ормари и сеф за потребите на Основен суд Кочани
Избран понудувач: ДПТУ 30 ТИ МАРТ ДООЕЛ Радовиш
Вредност на договорот: 344.665 денари без вклучен ДДВ.

-Оглас број 08604/2021 –набавка од мала вредност
Предмет на набавката: набавка на канцелариски материјали и печатени обрасци
Избран понудувач:ДПТУ РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз –извоз Кочани
Дел 1 набавка на фотокопирна хартија и пликови, вредност 6.025,00 денари без ДДВ.
Дел 2 набавка на печатени материјали вредност 46.980,00 денари и
Дел 3 набавка на канцелариски прибор вредност 23.520,00 денари
Вкупна вредност на договорот за Дел 1,2 и 3 изнесува 76.525,00 денари без вклучен ДДВ.

-Оглас број 08603/2021 –набавка од мала вредност
Предмет на набавката: набавка на потрошен репроматеријал за принтери, фотокопир и телефакс
Избран понудувач: за Дел 2 набавка на тонери за принтер HP, Дел3 набавка на тонери за принтер Canon,Дел 4 набавка на тонери за принтер Xerox и Дел 5 набавка на филм за телефакс: ДПТУ РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз –извоз Кочани
Избран понудувач: за Дел 1- набавка на тонери за принтер SHARP, ДППТУ ТРИНИКС ДООЕЛ скопје
Вкупна вредност на договорот за Дел 2, 3, 4 и 5 изнесува 100.618,00 денари без вклучен ДДВ.
Вкупна вредност на договорот за Дел 1 изнесува 23.000,00 денари без вклучен ДДВ.

-Оглас број 08240/2021-набавка од мала вредност
Предмет на набавката: набавка на активна електрична енергија за потребите на Основен суд Кочани
Избран понудувач:ДООЕЛ ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС Косово, Подружница ДООЕЛ ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС во Македонија, Скопје
Вредност на договорот: 233.412,00 денари без вклучен ДДВ.

-Оглас број 14268/2021-поедноставна отворена постапка
Предмет на набавката: набавка на екстра лесно масло за горење за грејна сезона 2021/22 на Основен суд Кочани
Избран понудувач: ДПТУ ТРИТЕРОЛ ПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје
Вредност на договорот: 900.000,00 денари без вклучен ДДВ.
Покрај овие спроведени јавни набавки од Основен суд Кочани, судот бил дел и од групни јавни набавки и тоа:

- Групна јавна набавка на хартија за печатење и фотокопирање спроведена преку Апелационен суд Штип согласно чл.62 од ЗЈН врз основа на Одлука за спроведување на групни јавни набавки за 2021 година бр.02-69/22 од 15.01.2021 година.
Вредност на набавката 54.280,00 денари со вклучен ДДВ.

- Групна јавна набавка на сервер спроведена преку Врховен суд на РСМ согласно чл.62 од ЗЈН врз основа на Одлука за спроведување на групни јавни набавки за 2021 година бр.02-69/22 од 15.01.2021 година.
Проценета вредност на набавката 100.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- Групна јавна набавка на фиксна телефонија за 24 месеци преку Судски совет на РСМ согласно чл.62 од ЗЈН врз основа на Одлука за спроведување на групни јавни набавки за 2021 година бр.02-69/22 од 15.01.2021 година.
Вредност на набавката 41.471,00 денари со ДДВ.

- Групна јавна набавка на интернет услуги преку Судски совет на РСМ согласно чл.62 од ЗЈН врз основа на Одлука за спроведување на групни јавни набавки за 2021 година бр.02-69/22 од 15.01.2021 година.
Проценета вредност на набавката 85.000,00 денари без ДДВ.

ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ, 13.01.2022 год.

Претседател на судот,
м-р Сузана Милевска